РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ

Бр. 02-955/15
9.12.2022 год.

Врз основа на член 136 од Законот за високото образование, („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21), член 49 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.530/2020), а по предлог на Совет на студиската програма, Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна –Скопје, на 22.та седница, одржана на 9.12.2022 година, **д о н е с е** :

О Д Л У К А
за формирање комисија за оцена на пријавена тема за изработка на докторска дисертација

1. Се формира Комисија за оцена на пријавена тема за изработка на докторска дисертација под наслов: „Оцена на генетскиот диверзитет на локални сорти пиперка (Capsicum annuum L.) од Република Северна Македонија" од кандидат м-р Биљана Дрвошанова со бр. на индекс 9, во состав:

Проф. д-р Соња Ивановска, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, ментор,
Проф. д-р Мирјана Јанкуловска, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, член,
Проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, член.

2. Комисијата за оцена на темата е должна **во рок од три месеци** од денот на поднесувањето на пријавата, односно по повторното поднесување по дорабoтката, да поднесе извештај до наставно-научниот, односно научниот совет и до советот на студиската програма, со предлог за прифаќање или неприфаќање на темата за изработка на докторската дисертација.
Должината на извештајот изнесува од 5 до 10 страници, формат А4, со единечен проред. Извештајот на комисијата за оцена на темата содржи:
- име на кандидатот и работен наслов на темата;
- образложување на темата, која треба да содржи:
  предмет на истражување,
  состојба на научното подрачје во кое се работи дисертацијата,
  цел на изработката на дисертацијата,
  очекуван научен придонес;
- доколку се очекува резултатот од истражувањето да биде практично применлив, треба тоа да се нагласи;
- заклучок со предлог до наставно-научниот, односно научниот совет и до советот на студиската програма;
- оригинални потписи на членовите на комисијата.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ТЕЛ: +389 2 3255100
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

PHONE: +389 2 3255100
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk

ПРИЛОГ:
- примерок од доставена пријава за изработка на докторска дисертација

ДОСТАВЕНО ДО:

-членовите на Комисијата

-Одделение за студентски прашања

-архивата

ДЕКАН

Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ

Изработил: Х.Јакимовска

ТЕЛ: +389 2 3255100
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

PHONE: +389 2 3255100
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk